РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09 - 2029/
30 12 2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на 45-та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-3665/1 од 24.07.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите во пријавата не се потврдуваат поради што Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-3665/1 од 24.07.2019 година.

Предметот со број 09-3665/1 од 24.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-3665/1 од 24.07.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против ------------ ---------- член на Совет на општина --------.

Пријавителот во пријавата наведува дека ------- -------- како член на Совет на општина ------, искористувајќи ја својата службена положба и овластување влијаел во спроведувањето на постапка за јавна набавка на млеко, млечни производи и земјоделски производи за потребите на домот за стари лица ---------- и обезбедил тендерот да го добие фирмата на неговата сопруга -------- --------, потенцирајќи дека Домот за стари лица бил под надлежност на општина ----------.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до општина -------- и достави Барање за доставување на податоци и информации во однос на тоа дали е спроведена постапка за набавка на млеко, млечни производи и земјоделски производи за потребите на домот за стари лица ------------- и доколку е спроведена горенаведанта постапка, со кој економски оператор е склучен договорот за спроведување на предметната набавка.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во законски утврдениот рок Општина ------- до Државната комисија достави Известување дека општина ------------ не располага со бараните податоци, односно дека општината не ги спроведува набавките за потребите на домот за стари лица.

При повторно разгледување на содржината на пријавата, како и Известувањето до Државната комисија по барањето на податоци и информации, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата не се потврдуваат, односно дека лицето ------- --------- како член на советот на општина -------- нема ингеренции да влијае во спроведувањето на постапки по јавни набавки во други институции, како и тоа дека секоја институција во рамки на својата внатрешна организација има посебни и соодветни сектори и одделенија кои ги вршат работите од областа на јавните набавки, а во нив работат лица со стручни знаења и квалификации кои ги спроведуваат потребните набавки за да ги задоволат потребите на самите институции, па оттука не може да се зборува за влијание на лице кое што е советник во општина, а не е вработено во институцијата која ја вршела предметната набавка и не учествувало во спроведувањето на постапката.

Со оглед на тоа, Државната комисија нема елементи за свое надлежно натамошно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Е.Н, соработник
Одобрил: Ш.С, член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска